IRIS NETWORKing
CSOs for protection sensitive migration management

Овој проект е финансиран од ЕУ

# Пристап до работа, вработување и образование на странци во РСМ - документ за јавни политики

Македонско здружение на млади правници

IRIS NETWORKing
CSOs for protection sensitive migration management

Македонско здружение на млади правници

Овој проект е финансиран од ЕУ

# Пристап до работа, вработување и образование на странци во РСМ - документ за јавни политики


**Издавач:** Македонско здружение на млади правници

**www.myla.org.mk**

**Автор:** Назиф Авди

**Уредник:** Зоран Дранговски

**Ликовно и графичко обликување:** Флекс Висион

**Тираж:** 50

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска
библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

331.5-054.6(497.7)(047.31)
37-054.6(497.7)(047.31)

АВДИ, Назиф

Пристап до работа, вработување и образование на странци во РСМ : документ за јавни политики / [автор Назиф Авди]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2020. - 26 стр. : табели ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4843-30-63

а) Странци - Вработување - Македонија - Истражувања б) Странци - Образование - Македонија - Истражувања

COBISS.MK-ID 51795461

Оваа публикација беше изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот и Македонското здружение на млади правници и не ги одразува ставовите на Европската унија

# Содржина


5 Вовед

8 Релевантно право и статистики

12 Вработување на странец во РСМ

16 Волонтирање на странец во РСМ

18 Школување и студирање на странец во РСМ

23 Заклучоци и препораки

# Вовед

Овој документ за јавни политики обработува информации за состојбата и пристапот до работа и образование на странците со легален престој во Република Северна Македонија (РСМ). За потребите на изготвување на овој документ беа искористени податоците добиени од надлежните институции преку слободен пристап до информации од јавен карактер и податоците достапни на официјалните електронски страници и извештаи на државните институции. Документот има за цел да прикаже какви политики има усвоено државата во однос на вработување и образование на странците со престој, кои се правата што тие ги имаат во нашата држава и кои се активностите на надлежните органи што придонесуваат кон  успешна интеграција на странците.

Во последните неколку години РСМ помина низ динамична фаза на трансформација со што се овозможи пристап до пазарот на трудот и работници на странските инвеститори и другите големи компании кои што решија да пренасочат дел од нивниот бизнис во РСМ. Како што се зголемуваше бројот на ново отворени деловни субјекти со странски капитал, така растеше и потребата од стручно и високо квалификувани работници со цел да се надополни недостатокот на поединечни професии како резултат на недостаток на кадар или скромната понуда во споредба со растечката побарувачка. Заради олеснување на пристапот до пазарот на трудот на странските работници и задоволување на потребите на компаниите, Владата, преку законски измени ги поедноставила условите за добивање на работни дозволи за странски работници. На годишно ниво, Владата ги утврдува и квотите за работни дозволи на странци кои можат да се издадат на годишно ниво, од кои 2/3 отпаѓаат на дозволи за вработување на странци, а другите се однесуваат на упатени или сезонски работници. Странските работници се вработуваат под исти услови и ги уживаат истите права како и домашните работници. Тие имаат пристап до пензиско и  здравствено осигурување, и користат здравствени услуги под исти услови како и државјаните. Пристапот до социјална заштита е резервиран само за странците кои уживаат постојан престој во РСМ, односно странските работници со привремен престој не можат да користат социјална заштита од државата во случај на невработеност.

Во исто време, Владата со помош на деловните субјекти почна со прилагодување  и моделирање на образовните програми на техничките

училишта[1] согласно потребите и побарувчката на компаниите во нашата држава. Како резултат на економските активности, законските реформи и позитивните извештаи добиени од страна на ЕУ за напредокот на државата, се забележува зголемување на бројот на студенти странци кои студираат во РСМ. Студенти кои се одлучуваат да го продолжат високото образование во нашата држава доаѓаат од поблиското опкружување, Албанија, Косово, Србија и другите држави, додека најбројната група на студенти странци се државјани на Турција. Студентите во јавните универзитети следат настава на студиските програми на официјалниот јазик или странски јазик, исто како и државјаните на РСМ. Школарината која што се плаќа се утврдува од страна на самите универзитетите во зависност од нивната понуда.

[1] https://vlada.mk/node/18120

# Релевантно право и статистики



Контролата на движењето и престојот на странците во РСМ ги врши Министерството за внатрешни работи (МВР). Странците за време на нивниот законски престој во РСМ ги уживаат истите права и обврски како и државјаните на Републиката, освен ако поинаку не е определено со закон[2]. Странецот може да се стекне со привремен или постојан престој во РСМ доколку ги исполни условите предвидени со Законот за странци и директивите на ЕУ во однос на биометриските податоци.

Законот за странците овозможува странците да се стекнат со право на престој во РСМ по основ на работа, школување или студирање, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, волонтирање, научно-истражувачка дејност, лекување, сместување или згрижување во установи за стари лица, семејно обединување или хуманитарни причини, член на потесното семејство на државјанин на РСМ, странец кој по потекло е од РСМ, дете на странец родено во РСМ, и странец резидент на држава членка на Европската Унија или на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) кој стекнал недвижен имот територијата за РСМ во вредност од најмалку 40.000 евра. За добивање на дозвола за престој странецот мора да докаже дека поседува средства за издржување кои се обезбедени на законски начин, има обезбедено сместување, здравствено осигурување и не е осуден за кривични дела.  Странецот може да се стекне со постојан престој доколку најмалку пет години непрекинато престојувал на територијата на РСМ врз основа на одобрен привремен престој, има обезбедено средства за одржување, не користи социјална помош, има здравствено осигурување, го владее македонскиот јазик и не сторил кривично дело.

Во периодот од 2017 година заклучно со 2019 година, во РСМ биле евидентирани 7690 странци со привремен престој. Најголем дел од странците се населени во Скопскиот регион - 3808 странци, а најмалку странци се евидентирани во вардарскиот регион на РСМ со евидентирани 258 странци.

Според достапните статистички податоци, најбројна група на странци со привремен престој се државјаните на Турција, Албанија, Србија и

[2] Закон за странците, службен весник на РСМ бр. 97/2018, 108/2019

Косово. Трендот на движење на странците кои поседуваат привремен престој во РСМ покажува дека турските државјани како најзастапена група престојуваат во РСМ по основ на студирање.

**Странци со привремен престој во РСМ по години[3]**

| Странци со привремен престој | |
|---|---|
| 2017 година | 2 322 |
| 2018 година | 2 557 |
| 2019 година | 2811 |

**Број на доселени странци во РСМ по региони[4]**

| | | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Вардарски | Странци | 87 | 94 | 77 |
| Источен | Странци | 114 | 137 | 229 |
| Југозападен | Странци | 156 | 188 | 171 |
| Југоисточен | Странци | 123 | 115 | 121 |
| Пелагониски | Странци | 187 | 347 | 182 |
| Полошки | Странци | 272 | 378 | 599 |
| Североисточен | Странци | 52 | 127 | 126 |
| Скопски | Странци | 1 331 | 1 171 | 1306 |
| Вкупно | | 2322 | 2557 | 2811 |

**Државјанства на странци со дозвола за престој во РСМ во периодот 2017-2019 година[5]**

| Год/ град | БиХ | Слове-нија | Ср-бија | Црна Гора | Хрват-ска | Косо-во | Алба-нија | Буга-рија | Гр-ција | Тур-ција | Оста-нати | Непо-знато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 36 | 10 | 258 | 27 | 39 | 224 | 166 | 51 | 56 | 918 | 536 | 1 |
| 2018 | 31 | 14 | 278 | 28 | 41 | 260 | 282 | 52 | 38 | 812 | 720 | 1 |
| 2019 | 27 | 9 | 244 | 23 | 36 | 333 | 245 | 59 | 33 | 1250 | 552 | |

Бројот на странци со привремен престој во РСМ е распределен во општините на државата. Од 40% до 50% на странците со привремен

[3] Државен завод за статистика на РСМ (http://www.stat.gov.mk/)
[4] Државен завод за статистика на РСМ
[5] Државен завод за статистика на РСМ

престој во РСМ престојуваат во општините во состав на градот Скопје, односно во Центар, Аеродром, Чаир и Карпош.

**Општини со најголем број на доселени странци во 2017, 2018 и 2019 година**[6]

| Општина | **2017 година** |
|---|---|
| Скопје | 1292 |
| Аеродром | 146 |
| Карпош | 223 |
| Центар | 355 |
| Чаир | 267 |
| Битола | 98 |
| Гостивар | 118 |
| Тетово | 110 |
| Охрид | 75 |
| Штип | 74 |
| | **2018 година** |
| Скопје | 1117 |
| Аеродром | 133 |
| Карпош | 229 |
| Центар | 324 |
| Чаир | 204 |
| Битола | 175 |
| Гостивар | 208 |
| Тетово | 125 |
| Прилеп | 136 |
| Куманово | 97 |
| | **2019 година** |
| Скопје | 1247 |
| Аеродром | 128 |
| Карпош | 167 |
| Центар | 331 |
| Чаир | 337 |
| Гостивар | 372 |
| Тетово | 161 |
| Прилеп | 97 |
| Штип | 174 |
| Куманово | 95 |

[6] Државен завод за статистика на РСМ

# Вработување на странец во РСМ



Странец кој што е вработен во деловни субјекти активни во РСМ, заради сезонско вработување и работници кои се упатени на работа во РСМ, може да се стекне со привремен престој заради вработување[7]. За сите странци со престој во РСМ кои извршуваат работни задачи во државата се применува Законот за вработување и работа на странците[8].

Странец може да склучи договор за вработување доколку добие позитивно мислење од страна на Агенцијата за вработување на РСМ. Се смета дека странецот е вработен доколку врз основа на договор за вработување заснова работен однос кај работодавач чие седиште или место на живеење се наоѓа во РСМ или доколку стекне статус на самовработено лице[9]. Другите услуги што се обезбедени од странци врз основа на договори за работа или други договори согласно со граѓанското право, се сметаат за работа извршена од страна на странци.

Агенцијата за вработување може да даде позитивно мислење за вработување на странецот доколу: 1) работодавачот ги исполнува законски пропишаните услови, 2) **квотата за овој облик на вработување не е пополнета** и, 3) вработувањето на странецот нема да предизвика негативни влијанија и последици на пазарот на трудот, особено имајќи ги предвид состојбата со невработеноста, структурата на вработеност или регионалните потреби за создавање на нови работни места во индустриите. Агенцијата за вработување со носење на решение издава и продолжува работни дозволи за вработување на странците. Воедно, Агенцијата води евиденција за бројот на стрнаци кои се вработени во државата и бројот на дадени позитивни мислења за вработување на странци.

Квотата за работни дозволи за странци што можат да бидат работно ангажирани на територија на РСМ се утврдува од страна на Владата на РСМ по предлог на Агенцијата за вработување преку надлежниот министер. Утврдената квота на работни дозволи за странци, на годишно ниво, не може да надминува 5% од бројот на вработени во државата според податоците на Државниот завод за статистика. Во квотата за работни дозволи за странци се опфатени и дозволите за работа за кои државата дава одобрение согласно ратификуваните меѓународни договори чии државјани немаат еднаков статус со државјаните на РСМ.

[7] Член 80 од Законот за странците службен весник на РСМ бр. 97/2018, 108/2019
[8] Службен Весник на РСМ, бр.217/2015
[9] Член 1, Закон за вработување и работа на странците, Службен Весник на РСМ, бр.217/2015

Владата има право да ги намали и менува квотите за вработување и работа на странци по региони, области, правни лица и работни места и да поставува ограничувања и забрани на приливот на нови странски работници[10]. Странците кои студираат во РСМ имаат право да вршат краткорочни или помошни работи без дозвола за работа, под услов вкупниот работен ангажман да не надмине 10 работни часа во текот на една недела и работата да биде регистрирана во Агенцијата за вработување. Работодавачот е должен да ги покрие трошоците за социјално осигурување на странскиот студент за време на работниот ангажман.

Според официјалните податоци, квотата на вработени која се определува од страна на Владата на РСМ е многу мала во однос на законски дозволената можност од најмногу до 5% од вкупниот број на вработени во државата. За илустрација, во 2019 година бројот на вработени во РСМ изнесува 797651[11] лица. Следствено на вкупниот број на вработени, законот дозволува максималнната квота на работни дозволи на странци да изнесува најмногу до 39882 работни дозволи што е 5% од вкупниот број на вработените.

Сепак квотите определени од Владата се движат меѓу 0.4% и 0.43% од вкупниот број на вработените во РСМ. Во 2015, 2016 и 2017 година со одлука на Владата е определена квота од 3250[12] работни дозволи на странци кои можат да бидат работно ангажирани во РСМ. За секоја од годините поединечно, Владата има определено по 3250 работни дозволи за странци од кои 2150 за вработување на странци, 700 за упатени странци во РСМ, 200 за сезонско работење и 200 за поединечни услуги на странците. Од утврдената квота за нови работни дозволи се наменети 1000 работни дозволи од кои 100 за упатени работници, 150 работни дозволи на странци со специфични занимања и знаења кои ги нема во РСМ и 750 за други нови вработувања (300 со петти степен на образование, а 450 за странци со образование од втор до четврт степен). Според евиднциите на МВР од 2017 до 2019 година, вкупно

[10] Член 5, Закон за вработување и работа на странците, Службен Весник на РСМ, бр.217/2015

[11] Државен завод за статистика на РСМ

[12] Одлука на владата за утврдување на квоти за работни дозволи на странци кои можат да бидат работно ангажирани во РСМ за 2015 година; Одлука на владата за утврдување на квоти за работни дозволи на странци кои можат да бидат работно ангажирани во РСМ за 2016 година; Одлука на владата за утврдување на квоти за работни дозволи на странци кои можат да бидат работно ангажирани во РСМ за 2017 година

се издадени 3894 дозволи по основ на вработување, односно 1135 дозволи за престој за вработување во 2019 година, 1539 дозволи во 2018 година и 1220 дозволи во 2017 година[13].

Според евиденцијата на Агенцијата за вработување, 6415 странци со привремен престој и 201 странци со постојан престој се пријавени како вработени во периодот 2015-август 2019 година, додека 8 странци со постојан престој се пријавени како невработени во Агенцијата за вработување. Од друга страна, во август 2019 година, евидентирани се 29 странци со привремен престој кои засновале работен однос во РСМ. За разлика од Агенцијата за вработување, од податоците добиени од општините[14] бројот на странци кои имаат засновано работен однос во месец август 2019 е многу поголем. Податоците од општините кои што во своите евиденции имаат податоци за бројот на странци, покажуваа дека 129 странци имаат засновано работен однос[15].

[13] Годишни извештаи на МВР за 2017 година, 2018 година и 2019 година ( https://mvr.gov.mk/default)
[14] Информациите се добиени од општините преку поднесување на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до сите 84 општини во РСМ
[15] Податоци доставени од општините: Центар, Битола, Кисела вода, Кочани, Гевгелија, Бутел, Струга, Кичево, Шуто Оризари, Гази баба, Велес, Кавадарци, Карпош, Куманово, Чешиново Облешево, Демир Капија, Тетово, Охрид, Чашка, Делчево, Гостивар, Прилеп , Пробиштип, Валандово, Штип, Чаир, Пехчево, Аеродром, Ѓорче Петров, Мак. Каменица

# Волонтирање на странец во РСМ



Престојот на странец по основ на волонтирање е утврден со Законот за волонтерство. Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.  Странец може да волонтира доколку добие согласност од Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и склучи договор со организаторот на волонтерската работа. Организаторот на волонтерската работа има обврска да го извести МТСП за почетокот на волонтирањето на странецот и притоа тој не смее да го стави или доведе волонтерот во нееднаква положба по ниеден основ. На волонтерите им следи здравствено осигурување, надомест на покривање на престојот во РСМ и покривање на патните трошоци.

# Школување и студирање на странец во РСМ



Престој заради школување или студирање се дава на странец доколку поседува потврда дека е запишан како редовен ученик на одобрена наставна програма во основно или средно образование во училиште, или потврда дека е запишан како редовен студент на одобрена студиска програма на високообразовна установа. Согласно законите за образование[16] во РСМ, децата со странско државјанство имаат право на образование под еднакви услови како и државјаните. За децата со странско државјанство во основното и средното образование може да се организира настава на нивниот мајчин јазик, во зависност од можностите на државата. Во однос на високото образование, странските државјани, со примена на начелото на заемност може да се образуваат на високообразовните установи под еднакви услови како и државјаните или под услови кои ги определува јавната или приватната високообразовна установа. За време на студирањето странските студенти плаќаат школарина кој се утврдува од страна на универзитетот или високата стручна школа.

Децата на странците со престој во РСМ, основното и средното образование го следат во рамките на територијата на општините каде што и престојуваат, на службениот јазик на РСМ. Општините[17] како територијална единика се надлежни за образованието во однос на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови, во соработка со централната власт.

И покрај законската можност, доколку постојат услови образованието да се организира на јазикот кој што го зборуваат децата на странците, во РСМ досега не е организирана настава во ниедна од општините на мајчиниот јазик на странците. Единствена друга можност што им е на располагање на децата на странците е да следат настава во приватните основни и средни училишта каде што постојат услови за следење на настава на англиски, француски или друг јазик.

[16] Закон за основно образование, Закон за средно образование, Закон за високо образование.

[17] Закон за локална самоуправа на РСМ

Во врска со прибирањето на информации за странци кои престојуваат во рамките на териториите на општините, праксата е различна и не е унифицирана. Одреден број на општини прибираат и водат евиденција за бројот на странците кои се наоѓаат на нивната територија, како и активностите во кои тие учествуваат, а кои спаѓаат под надлежност на опптините. Од друга страна, одреден број на општини не прибираат такви информации или пак се прогласуваат како ненадлежни за собирање на информации поврзани со бројот на странците и услугите кои тие ги користат во нивните општини. Од вкупно 84 општини во РСМ, само половина од нив или 42 општини одговорија на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер за бројот на запишани деца на странци во основно и средно училиште за периодот 2015-2019 година. Од 42 опптини кои доставија одговор за бројот на запишани ученици странци во основно и средно образование, 24 одговориле дека немаат странци кои се евидентирани како ученици во нивната општина. За истиот период, во општина Битола се евидентирани 52 деца странци во основно и средно ушилиште, Центар 16 во основно училиште, Аеродром 3, Делчево 2, и во Демир Капија, Старо Нагоричане и Радовиш по 1[18]. Доставените податоци покажуваа дека најчесто тоа се деца на странци од државите во поблиското опкружување, односно Балканскиот регион.

Во последните неколку години се забележува трендот на зголемување на странските државјани кои студираат на универзитетите во РСМ. Најбројна група на странски студенти се државјани на Труција и Балканските држави. Македонската диплома им е признаена како во Турција така и во Балканските држави. На пример, туските студенти доаѓаат овде на студии бидејќи тука студентскиот животот е поевтин и школарината што ја плаќаат во некои од универзитетите е пониска во споредба со таа што би ја платиле на некој турски универзитет.

Студенти од регионот што студираат кај нас има речиси на секој универзитет. Од 2016 до 2018 година во државните и приватните универзитети во РСМ дипломирале 1195 студенти (293 во 2016 година, 467 во 2017 година и 435 во 2018 година). Три најатрактивни

[18] Одговори доставени од општините по поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

високообразовни установи за странците во РСМ се државниот универзитет во Тетово каде дипломирале 348 студенти, Европскиот универзитет во Скопје каде дипломирале 184 студенти, и Меѓународниот балкански универзитет  каде дипломирале 161 студенти.

**Дипломирани странски студенти во РСМ[19]**

| Држава | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Албанија | 10 | 5 | 17 |
| Црна Гора | 16 | 15 | 11 |
| Србија | 72 | 78 | 76 |
| Турција | 32 | 201 | 157 |
| Косово | 86 | 88 | 110 |
| Други држави | 77 | 80 | 64 |
| Вкупно | 293 | 467 | 435 |

Во истиот период од 2016 до 2018 година, магистрирале вкупно 420 странски државјани од кои 97 во 2016 година, 158 во 2017 година и 165 во 2018 година. Вкупно докторирале 80 странски државјани од кои 14 во 2016 година, 27 во 2017 година и 39 во 2018 година.

Кумулативно во периодот од 2017 до 2019 година од сите издадени дозволи за привремен престој во РСМ, 2289 дозволи за привремен престој се издадени по основ на школување, или поединечно во 2019 година 1115 дозволи за престој за школување, во 2018 година 602 дозволи, и во 2017 година 572 дозволи. Во 2019 година бројот на

[19] Државн завод за статистика на РСМ. Податоците за 2019 година, во време на пишување на овој документ не беа објавени на нивната електронска страна

странски студенти е два пати поголем во споредба со претходните години, како резултат на повеќегодишните напори на Владата на РСМ за привлекување на странски студенти, бројот на отворени виско образовни институции, трошоците за студирање во државата, и признавањето на дипломите стекнати во нашите универзитети во државите од кои што потекнуваат странците.

# Заклучоци и препораки



Законот за странците од 2018 година во голем дел е усогласен со законодавството на ЕУ за странците. Другите закони кои се однесуваат на образованието на странците во нашата држава овозможуваат ист третман на странските со домашните ученици без дискриминација. Владата, со усвојување на новото законско решение за вработување и работа на странците имаше за цел да ја надмине комплексноста и времетраењето на постапките за добивање на работна дозвола и дозвола за престој заради вработување, работа или вршење на самостојна дејност, со издавање на единствена дозвола.

Надлежностите на општините дозволуваат локалните власти да креираат политики за локалниот економски развој преку планирање, утврдување на чекори за развојни политики, поддршка на малите и средните претпријатија како и стратешки партнерства со други субјекти. Дополнително, општините се надлежни и за организирање на основното и средното образование како и овозможување на социјална заштита и заштита на децата.

Освен МВР, како најважна институција, задолжена за собирање и поседување на податоци за странците присутни во РСМ, се чини дека другите институции се парцијално вклучени или воопшто не прибираат податоци за странците или пак не се вклучени во процесите кои овозможуваат полесна интеграција на странците со локалните заедници и општеството. Резолуцијата за миграции за 2015-2020 година главно предвидува мерки и активности со фокус на превенција на миграцијата од нашата држава во други држави, македонските повратници, спречување на нелегалната миграција, и задржување на квалитетниот кадар во границите на државата. Само странците кои потекнуваат од поранешните Југословенски Републики, присутни во нашата државата, и кои немаат регулиран престој, се опфатени со Резолуцијата. За странците со престој по основ на вработување, школување или други основи, не постојат конкретни активности како тие лица подобро да се интегрираат во општството и кои се политиките на државата за успешна интеграција на странците во РСМ.

За надминување на предизвиците и подобрување на политиките што ќе овозможат инклузивност на странците во општеството, потребно е:

- Следната резолуција за миграциска политика на РСМ да предвидува активности за вклучување и интеграција на странците

кои престојуваат по основ на вработување, работа и членовите на нивните семејства, како и странците со престој по основ на семејно обединување. Основот за добивање на престој на наведените категории на странци укажува на можноста за нивно долготрајно населување во нашата држава.

- Итно и неодложно ревидирање и усвојување на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци каде ќе се предвидат конкретни мерки за странците присутни во нашата држава по основ на работа, школување и семејно обединување.

- Општините да добијат поголема улога и активно се вклучат во планирање и спроведување на миграциската политики која се однесува за странците со престој во нашата држава. Општините треба да имаат евиденција за бројот на странци кои престојуваат на нивната територија, со цел поефикасно планирање на активности и вклучување на странците во локалната заедница

- Општините со најголема концентрација на странци на нивните теротории да усвојат локални стратегии и планови за интеграција каде ќе се предвидат услуги за вклучување на странците во локалниот систем на услуги со цел полесно прилагодување во локалната заедница.

- При организирање на наставата во основните и средните училиштпта, локалните власти потребно е да го прилагодат и оспособат образованието во локалните училишта во зависност од бројот на странци и деца странци со живеалиште во нивата општина.

- Во ситуација на концентрација на поголем број на странци во одредена општина, локалните власти да предвидат и организираат ориентациони едукативни сесии за децата на странците и странците, курсеви по јазик/јазиците кои се говорат во општината, ориентациони средби со локалното население со цел нивно полесно прилагодување и прифаќање. Општините да обезбедат информации за нивните услуги достапни за странците на повеќе јазици, да одржат редовна комуникација со странците за полесно решавање на прашања од заеднички интерес, и органзираат културни активности за меѓусебно запознавање и намалување на можноста на ксенофобија и нетолеранција.

- Агенцијата за вработување да овозможи јавно достапни податоци за бројот на издадени, продолжени и прекинати работни дозволи за странци, и квалификациите/професиите за кои се дадени, продолжени или прекинати работните дозволи

- Да се зголеми  квотата за дозволи за вработување и работа на странци која се утврдува од страна на Владата на годишно ниво со цел пополнување на недостатоците на стручен кадар на пазарот на трудот и привлекување на странци со специфични вештини

- Странците кои поседуваат дозвола за престој и се во работен однос во државата од најмалку 2 години последователно, времетраењето на следната дозвола за работа и престој пожелно е да се издаде на подог период или најмалку за 3 години. Дозволата за престој заради работа издадена на период од 3 години ќе овозможи странецот, по потреба, да го смени работното место или во случај на прекинување на работниот однос и вработување на друго место, истиот да не биде обврзан да извади нова работна дозвола туку само да ја извести Агенцијата за вработување .

- Во насока на поефикасна интеграција, општината да организира курсеви по јазик за странските работници со цел олеснување на комуникацијата со институциите

- Да се предвиди програма со што ќе се дава можност за вработување на странските студенти кои дипломирале на јавни и приватни универзитети во државата

IRIS NETWORKing
CSOs for protection sensitive migration management

Македонско здружение на млади правници

Овој проект е финансиран од ЕУ

Оваа публикација беше изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Неговата содржина е единствена одговорност на одговорност на авторот и Македонското здружение на млади правници и не ги одразува ставовите на Европската унија